**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ**

Уп1 Бр.08-53

Скопје 28.02.2017г.

Врз основа на член 18 став 1 алинеја 20 и член 20 став 1 алинеји 1 и 10 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија“ бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14 и 142/16), а согласно член 54 став 4 и член 104 став 4 од Законот за општата управна постапка („Службен весник на Република Македонија“ бр.124/15), во врска со Предлогот Уп1 бр.08-53 од 27.02.2017 година, на д-р Зоран Трајчевски, Директор на Агенцијата, а согласно Заклучокот, бр. 02-984/7 од 27.02.2017 година, Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, на 9-та седница одржана на 27.02.2017 година, донесе:

# РЕШЕНИЕ
## за запирање на покренатата постапка за одземање на дозволата за радио емитување

СЕ ЗАПИРА покренатата постапка за одземање на дозволата за радио емитување на Трговско радио дифузно друштво ПЛУС ФОРТЕ ДООЕЛ Тетово, бр.08-131 од 05.01.2015 година.

## Образложение

Во согласност со одредбите од член 80 став 5 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија“ бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16), радиодифузерите се должни да го платат годишниот надоместок за секоја тековна година почнувајќи од датумот на доделување на дозволата за телевизиско или радио емитување во рок од 30 дена од денот на приемот на фактурата издадена од Агенцијата.

Во врска со погоренаведеното, а во однос на надоместокот за доделената дозвола за радио емитување на Трговско радио дифузно друштво ПЛУС ФОРТЕ ДООЕЛ Тетово, бр.08-131 од 05.01.2015 година, Агенцијата на 05.01.2017 година, му испрати фактура за надоместокот за дозволата за радио емитување бр.2017-100-0113 (наш.арх.бр.05-182/1), со која радиодифузерот имал обврска да плати 41.629,00 (четириесетиеднаиилјадаи шестотинидваесетидевет) денари, за годишен надоместок за дозвола за радио емитување, за периодот од 05.01.2017 година заклучно со 04.01.2018 година. Во Агенцијата е доставена повратница од Македонска пошта дека фактурата била уредно примена на 10.01.2017 година.

По извршениот редовен административен надзор, во Извештајот бр.05-744/1 од 10.02.2017 година, беше констатирано дека радиодифузерот во законскиот рок од 30 дена од денот на приемот на фактурата издадена од Агенцијата, не ја исполнил обврската од член 80 став 5 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија“ бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14 и 142/16), односно не го платил годишниот надоместок за дозволата за радио емитување на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

Законскиот рок за плаќање на фактурата бр.2017-100-0113


Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги

ул. Македонија бр.38
1000 Скопје
Република Македонија

Тел. + 389 2 3103 400

www.avmu.org.mk
www.avmu.mk
contact@avmu.mk



МКД СЕРТИФИКАТ
МКС EN ISO 9001:2009

(наш.арх.бр.05-182/1) беше 09.02.2017 година, во кој рок радиодифузерот не го платил во годишниот надоместок за дозволата за радио емитување.

Согласно погоренаведеното, Советот на Агенцијата на 6-та седница одржана на 13.02.2017 година, со Заклучок, бр.02-747/13 од 13.02.2017 година, го усвои предлогот на Директорот на Агенцијата, д-р Зоран Трајчевски, Уп1 бр.08-53 од 10.02.2017 година и покрена постапка за одземање на дозволата за радио емитување на Трговско радио дифузно друштво ПЛУС ФОРТЕ ДООЕЛ Тетово, бр.08-131 од 05.01.2015 година. Во врска со тоа, од страна на Агенцијата на ден 13.02.2017 година, до погоренаведениот радиодифузер беше испратен допис Уп1 бр.08-53 од 13.02.2017 година, со кое беше известен дека доколку не го плати годишниот надоместок за дозволата за радио емитување, Советот на Агенцијата најдоцна во рок од 15 (петнаесет) дена од денот на приемот на Предлогот за покренување на постапка за одземање, ќе донесе одлука за одземање на дозволата за радио емитување.

На ден 27.02.2017 година до Директорот на Агенцијата, од страна на Секторот за правни и економско - финансиски работи, Одделение за економско – финансиски работи на Агенцијата, доставено е Известување, Уп1 бр.08-53, дека Трговско радио дифузно друштво ПЛУС ФОРТЕ ДООЕЛ Тетово, на 24.02.2017 година изврши уплата во износ од 41.629,00 (четириесетиеднаилјадаишестотинидваесетидевет) денари, со што радиодифузерот годишниот надоместок за дозволата за радио емитување го платил во целост.

Следствено на сето погоре наведено, врз основа на член 18 став 1 алинеја 20 и член 20 став 1 алинеји 1 и 10 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија“ бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16), согласно член 54 став 4 и член 104 став 4 од Законот за општата управна постапка („Службен весник на Република Македонија“ бр.124/15), во врска со предлогот Уп1 бр.08-53 од 27.02.2017 година, на д-р Зоран Трајчевски, Директор на Агенцијата, а согласно Заклучокот, бр.02-984/7 од 27.02.2017, Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, на 9-та седница одржана на 27.02.2017 година, одлучи да ја запре покренатата постапка за одземање на дозволата.

Врз основа на погоре наведеното се донесе решение како во диспозитивот.

**Агенција за аудио и**
**аудиовизуелни медиумски услуги**
**Претседател на Советот**

**Лазо ПЕТРУШЕВСКИ**

**Правна поука:** Против ова решение радиодифузерот може да поднесе тужба за поведување на управен спор пред надлежен суд. Тужбата за поведување на управен спор се поднесува во рок од 30 дена од денот на приемот на решението.

**Доставено до:**
- Трговско радио дифузно друштво ПЛУС ФОРТЕ ДООЕЛ Тетово;
- Управител на Трговско радио дифузно друштво ПЛУС ФОРТЕ ДООЕЛ Тетово;
- Секторот за информатичка подршка и општи работи – архива;
- Секторот за правни и економско – финансиски работи;
- Назначеното лице во Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за водење на Уписникот Уп1.